Серија
Интелектуална сопственост
за деловно работење

Број 3





ПРОНАОЃАЊЕ НА ИДНИНАТА

Вовед во патенти за за мали и средни претпријатија

Светска
Организација за
Интелектуална
Сопственост

Серии публикации за „Интелектуална сопственост за деловно работење“:

1. Создавање марка: Вовед во трговски марки за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 900

2. Добар изглед: Вовед во индустриски дизајн за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 498

3. Пронаоѓање на иднината: Вовед во патенти за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 917

4. Креативен израз: Вовед во авторски права за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 918 (следи)

Сите публикации се расположиви во е-книжарницата на WIPO на: www.wipo.int/ebookshop

Појаснување: Информациите кои се содржат во овој водич не се замена за професионален правен совет. Неговата главна цел е ограничена на обезбедување на основни информации

Државен завод за индустриска сопственост на Република Македонија, Copyright (2007)

Ова издание е преведено и репродуцирано со предтходна изрична дозвола од Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO), која е носител на авторското право за изворната англиска верзија, што е достапна на www.wipo.int/sme/en/documents/guides/. Бидејќи WIPO не е одговорна за прецизноста или точноста на преведената верзија од ова издание, исклучива и единствена одговорност има Државниот Завод за индустриска сопственост на Република Македонија.

WIPO е носител на авторското право за изворната верзија на англискеи јазик (2005)
Ниту еден дел од ова издание не смее да биде репродуциран или јавно соопштен во било која форма или на било кој начин, електронски или механички, освен во законски предвидените случаи, освен со пишана дозвола од носителот на авторското право.

Преводот и печатењето на оваа брошура беше помогнато од американскиот народ преку USAID, а реализирано од CIPE (Центар за образование за интелектуална сопственост), при Правниот факултет “Јустинијан Први” - Скопје

Вовед

Ова е третиот од серијалот водичи во „Интелектуалната сопственост во бизнисот". Се фокусира на патенти, клучна алатка за зголемување на способноста на компанијата да оствари највисока добивка од нови и иновативни идеи и технолошки способности. Управувањето со ресурсите на знаење, особено новите идеи и концепти, е суштинско за способноста на секоја компанија да менува, приспособува и прима нови можности додека се натпреварува во брзата промена на деловното опкружување.

Во денешната економија на знаењето, патентната стратегија на иновативната компанија би требало да стане клучен фактор во нејзината деловна стратегија. Овој водич ги објаснува на едноставен и на практичен начин деловните придобивки од патентниот систем за сите видови претпријатија. Читателите се советуваат да консултираат патентен експерт кога бараат заштита, експлоатација или примена на патентот, а овој водич обезбедува практични информации со намера да им помогнат на читателите да ги разберат основите и да бидат во можност да ги постават вистинските прашања кога се консултираат со експерт за патентни прашања.

Малите и средни претпријатија (МСП) се поттикнуваат да го употребуваат овој водич со намера да ја интегрира нивната технологија и патентни стратегии во секојдневното работење, маркетинг и извозните стратегии. WIPO е отворен за натамошно дополнување на водичот со цел да се осигура дека тој соодветно кореспондира со итните потреби на МСП во светот.

Националните верзии на водичот би можеле да бидат развиени во соработка со националните институции и локалните партнери, кои се добредојдени да го контактираат WIPO за да обезбедат примерок на водичите за локализација.

Камил Идрис
Генерален директор на WIPO

Содржина

		Страна
1.	Патенти	3
2.	Како да добиеш патент	16
3.	Патентирање во странство	30
4.	Комерцијализирање на патентна технологија	34
5.	Спроведување на заштитата на патентите	39

1. Патенти

Што е патент?

Патент е ексклузивно право доделено од државата за **пронајдок** кој е **нов**, кој содржи **инвентивен придонес** и кој **може да се применува во индустријата**.

Тој му дава на својот сопственик **ексклузивно право** да ги превенира или да ги запре другите од правење, употребување, нудење на продажба, продавање или увезување на производ или процес, заснован на патентиран пронајдок без претходно одобрување од сопственикот. Патент е **моќна деловна алатка** за компаниите да добијат ексклузивност врз нов производ или процес, да добијат силна позиција на пазарот и да заработат дополнителни приходи преку лиценцирање. Комплексен производ (како камера, мобилен телефон или автомобил) може да содржи бројни пронајдоци кои се покриени со неколку патенти, кои можат да бидат сопственост на различни носители на патент.

Патент се доделува од **националниот патентен завод** на државата или од **регионален патентен завод** за група на држави. Тој е во важност ограничен временски период, вообичаено **20 години** од датата на поднесување на патентната пријава, предвидувајќи при тоа дека предвидениот надоместок за одржување е платен на време. Патентот е **територијално право**, ограничено со географските граници на релевантната држава или регион.

Во замена за ексклузивното право обезбедено со патент, од подносителот на пријавата се бара да го **открие пронајдокот** на јавноста со обезбедување на детали, со јасен опис на пронајдокот во патентната пријава во писмена форма. Доделениот патент и, во многу држави, патентната пријава стануваат јавни преку објавување во службен весник или гласило.

Отварач за пијалаци со гас, од аргентинските пронајдувачи Хуго Оливера, Роберто Кардон и Едуардо Фернандез е патентиран во повеќе од 20 држави, Производот е комерцијализиран во целиот свет од компанија основата од пронајдувачите со трговска марка Descorjet.

Кореанскиот производител на шлем за моторцикли ХЛЦ има 42 патенти во светот за своите иновативни шлемови и ужива огромен успех на извозните пазари каде продава околу 95% од своите производи. Компанијата реинвестира 10% од својата продажба во истражувања и развој и обрнува посебно внимание на иновативниот дизајн како клучен фактор за успех во индустријата со шлемови.

Што е пронајдок?

Во патентниот жаргон, **пронајдок** се дефинира како **ново и инвентивно решение за технички проблем**. Тој може да се однесува на креација на сосема нов предмет, производ, метода или постапка, или едноставно може да биде **значително подобрување** на познат производ или постапка. Пронаоѓање на нешто што веќе постои во природата, генерално, не се квалификува како пронајдок; соодветно количество човечка генијалност, креативност и инвентивност мора да бидат додадени.

Иако денеска најголемиот број пронајдоци се резултат на постојани напори и долготрајни истражувања и развој, многу едноставни и евтини технички подобрувања од голема пазарна вредност донеле значителен приход и добивка на нивните пронаоѓачи и компании.

Моќта на иновацијата

Се претпочита дека разликата меѓу „пронајдок" и „иновација" е важна. **Пронајдок** се однесува на техничко решение на технички проблем. Тоа може да биде иновативна идеја или може да биде во форма на работен модел или на прототип. **Иновација** се однесува на преводот на пронајдокот во пазарен производ или постапка. Некои од главните причини зошто компаниите иновираат вклучуваат:

- подобрување на постапката на производство со цел да се заштедат трошоците и да се подобри продуктивноста;
- вклучување на нов производ кој соодветствува на потребите на потрошувачите;
- истрчување пред конкуренцијата и/или проширување на пазарот
- осигурување дека технологијата се развива за актуелните и итните потреби на работењето и клиентите;
- Превенирање на технолошката зависност од технологиите на другите компании

Во денешната економија, управувањето со иновации во компанијата бара добро познавање на патентниот систем со цел да се осигура дека компанијата ќе добие најголема добивка од сопствениот иновативен и креативен капацитет, засновајќи профитабилно парнтерство со другите носители на патенти и избегнувајќи неовластена употреба на технологија која ја поседуваат другите. За разлика од минатото, многу од иновациите денеска се комплексни и се засновани на бројни патентирани пронајдоци, кои можат да бидат во сопственост на различни носители на патент.

Зошто би требало да го патентирате вашиот пронајдок?

Кусиот век на производите и зголемување на конкуренцијата создаваат голем притисок врз компаниите да станат иновативни и/или да обезбедат приод кон иновациите кај другите компании, за да станат и да останат конкурентни на домашниот и на странскиот пазар. Екслузивните права кај патентот можат да бидат круцијални за иновативните компании да напредуваат во предизвикот, ризикот и динамичната деловна клима. Клучните причини за патентирање на пронајдоците вклучуваат:

- **Моќна положба на пазарот и конкурентни предности.** Патентот му дава на неговиот сопственик екслузивно право да ги превенира или да ги сопира другите од комерцијална употреба на патентиран пронајдок, со намалување на неизвесноста, ризикот и конкуренцијата од фалсификаторите и имитаторите. До колку вашата компанија поседува или обезбедила согласност да експлоатира вреден патентен пронајдок, таа може да ги креира бариерите за влез на пазарот за конкурентите во врска со истите пронајдоци. Ова ќе и помогне да стане еминентен играч на релевантниот(ните) пазар(и).
- **Повисока добивка или враќање на инвестицијата.** До колку вашата компанија инвестирала значаен период на време и пари во истражување и развој, патентната заштита на пронајдоците ќе помогне во покривање на трошоците и во обезбедување на повисоки враќања или инвестиции.
- **Дополнителен приход од лиценцирање или од пренесување на патент**. Како сопственик на патент вие можете да им ги лиценцирате вашите права од пронајдокот на другите во замена за еднократна исплата и/или надоместок, со цел да генерирате дополнителен приход во вашата компанија. Продажба (или пренесување) на патент имплицира пренос на сопственоста додека лиценцирањето содржи само дозвола за употреба на лиценцираниот пронајдок под посебни услови.
- **Приод кон технологијата преку вкрстено лиценцирање.** До колку вашата компанија се интересира за технологијата поседувана од други, можете да ги употребите патентите на вашата компанија за да преговарате за договори за вкрстено лиценцирање, со кои вашата компанија и другата страна се согласни да се овластат една со друга да употребуваат еден или повеќе од вашите патенти под услови наведени во договорот.
- **Приод кон нови пазари.** Лиценцирање на патенти (или дури и на патентни пријави) на другите може да обезбеди пристап кон нови пазари, кои се на друг начин непристапни. Со цел да се направи ова, пронајдокот мора исто така да биде заштитен на релевантниот странски пазар(и).

- **Намален ризик од повреда.** Со обезбедување на патентна заштита вие ќе можете да ги превенирате другите од патентирање на истиот пронајдок и исто така да ги намалите можностите од повреда на правата од другите кога го комерцијализирате вашиот производ. Додека патентот, сам по себе не обезбедува „слобода за употреба", тој ги превенира дугите од патентирање на ист или сличен пронајдок и обезбедува разумно насочување дека пронајдокот што сте го патентирале е нов и значајно различен од „претходната состојба на техника." (Повеќе за „претходната состојба на техниката" на страница 12).
- **Зголемена можност за добивање грантови и/или зголемување на фондови со разумна камата.** Сопственост на патенти (или лиценца за употреба на патенти во сопственост на други) може да ја зголеми вашата можност да го наголемите капиталот за да го пуштите производот на пазарот. Во некои сектори (на пример - биотехнологијата) често е неопходно да се поседува силно патентно портфолио за да се придобијат инвеститори.
- **Моќна алатка за превземање дејства против имитатори и фалсификатори.** Со цел ефикасно да се заштити ексклузивноста на патентот, може да биде неопходно да поведете спор или да обрнете внимание на оние кои ги повредуваат вашите патентни зголемува вашата способност да превземете правно дејство против оние што копираат и имитаторите на заштитениот пронајдок.
- **Позитивен приказ на вашата компанија.** Деловните партнери, инвеститорите, акционерите и протошувачите можат да ги третираат патентните портфолија како демонстрација на високо ниво на експертиза, специјализација и технолошки капацитет на вашата компанија. Ова може да биде корисно за зголемување на фондовите, наоѓање на деловни партнери и зголемување на пазарната вредност на профилот на вашата компанија. Некои компании ги спомнуваат или ги наведуваат своите патенти во рекламите за да и проектираат на јавноста иновативен стил.



Патент бр. US2002137433

Иновативната дупчалка, добитник на награда, употребена да прави дупки во стакло и керамика беше патентиран од перуанскиот пронајдувач Жозе Видал Мартина, овозможувајќи му да го комерцијализира производот директно исто како и да заработи надоместоци од лиценцирање на пронајдокот.

Кои други правни инструменти се расположиви за заштита на вашите производи?

Овој водич се фокусира на патенти. Како и да е, зависно од производот за кој станува збор, може да бидат вклучени и другите права од интелектуална сопственост кои се соодветни за заштита на различни нешта од иновативниот производ; овие вклучуваат:

- **Корисни модели** (исто така познати и како краткорочни патенти, мали патенти или иновативни патенти). Во многу држави, некои видови на подобрени пронајдоци или мали адаптации на постоечки производи се заштитуваат како корисни модели (види на страница 10).
- **Трговски тајни.** Доверливи деловни информации можат да имаат полза од трговска тајна се додека:
  - не се општо познати на другите кои работат со таков вид информации
  - имаат комерцијална вредност затоа што се тајна; и
  - превземени се разумни чекори од сопственикот да ги сочува како тајна (на пример, ограничен пристап до такви информации врз основа на „потреба за познавање", и влез во доверливи или неоткриени договори) (види на страница 9).
- **Индустриски дизајни**. Ексклузивноста на орнаментални или естетски прикази на производ може да се добие преку заштита на индустриски дизајни, во некои држави наречени и патенти за дизајн.
- **Трговски марки**. Заштита на трговски марки обезбедува ексклузивност на дистинктивните знаци употребени за разликување на производите на една компанија од оние на другата.
- **Авторско право и сродни права**. Оригинални литературни и уметнички дела можат да бидат заштитени со авторско право и сродни права. Заштитата на авторското право се применува на широк спектар на работи, вклучувајќи ги и компјутерските програми (види на страница 11).
- **Нови видови растенија.** Во многу држави, проширувањето на нови видови растенија, кој ги исполнува барањата за новост, различност, униформност и стабилност и е назначен со соодветна деноминација може да добие заштита во форма на „права на растителни видови". За повеќе информации за заштита на новите видови растенија види на www.upov.int
- **Дизајн (или топографија) на интегрални кола**. Вие можете да добиете заштита за оригинален дизајн (или топографија) на интегрални кола употребени во микрочипови и полупроводни чипови. Оваа заштита може исто така да се прошири на крајниот производ кој го вклучува дизајнот.

Ако пронајдокот е патентибилен, дали е секогаш мудро да се поднесе барање за патентна заштита?

Не секогаш. Ако пронајдокот е патентибилен, не секогаш произлегува дека ќе резултира со комерцијално вредна технологија или производ. Затоа, внимателно мерење на „за" и „против" и анализи на можните алтернативи е основно пред да се поднесе патентната пријава. Патентот може да биде скап и тешко да се добие, одржува и применува. Да се поднесе или да не се поднесе патентна пријава е само деловна одлука. Таа би требало примарно да се засновува на можноста од обезбедување на комерцијална корисна заштита за пронајдокот што би требало да обезбеди значителни погодности од неговата евентуална деловна употреба.

Факторите кои треба да бидат земени предвид дали да се поднесе патентна пријава вклучуваат:

- Дали има пазар за пронајдокот?
- Кои се алтернативите на вашиот пронајдок и како тие се споредуваат со вашиот пронајдок:
- Дали е пронајдокот корисен за подобрување на постоечкиот производ или за развој на нов производ? Ако е, дали е во согласност со деловната стратегија на вашата компанија?
- Дали има потенцијални купувачи на лиценцата или инвеститори кои би сакале да помогнат пронајдокот да се најде на пазарот?
- Колку би бил вреден вашиот пронајдок за вашата работа и за конкурентите?
- Дали се лесно изводливи „повратното инжињерство" за вашиот пронајдок од вашиот производ или „сличниот дизајн"?
- Колку би сакале другите, особено конкурентите, да го пронајдат и да го патентираат тоа што вие го пронајдовте?
- Дали очекуваните добивки од ексклузивната положба на пазарот ќе ги оправдаат трошоците на патентирањето? (види страница ..... (20) за патентните трошоци)
- Кои аспекти од пронајдокот можат да бидат заштитени со еден или повеќе патенти, колку може да биде широка таа заштита и дали ова ќе обезбеди корисна заштита?
- Дали ќе биде лесно да се идентифицира повредата на патентните права и дали сте подготвени да инвестирате време и финансиски ресурси за примена на вашиот патент(и)?

Во 1994, австралиската компанија ИТЛ Корпорејшн поднесе пријава за корисен модел за својот прв производ, шприц со уникатен дизајн во кој иглите за собирање крв се вовлекуваат по вадењето на крв од донаторот. Корисниот модел подоцна беше претворен во стандарден патент. Производот, комерцијализиран под трговската марка Donorcare®, постигна голем успех на домашниот и на странските пазари и ги доби престижните награди за дизајн.

Патентите наспроти тајната

Ако вашиот патент ги исполнува барањата за патентибилност (види ја страница .... (10)), вашата компанија ќе се соочи со изборот: да го чува пронајдокот како трговска тајна, да го патентира или да се осигура дека никој друг не е во можност да го патентира по пат на откривање (општо познато како **дефанзивно објавување**), при што го осигурува неговото место во „јавно добро".

Зависно од правниот систем во вашата држава, заштитата на трговските тајни можат да стане возможна и според законодавството против нелојалната конкуренција, по пат на посебни одредби на еден или повеќе закони, според законот за заштита на доверливи информации, според договорни обврски во договори со вработени, консултанти, потрошувачи и деловни партнери, или по пат на комбинација на горното.

Некои предности на заштитата на трговските тајни влкучуваат:

- за трговските тајни нема трошоци за регистрација
- заштитата на трговските тајни не бара откривање или регистрација во владино тело и пронајдокот не се објавува
- заштитата на трговска тајна не е временски ограничена
- трговските тајни имаат времен ефект

Недостатоците на заштитување на пронајдоци како трговски тајни се:

- ако тајните се вградат во иновативен производ, другите ќе имаат можност на „повратно инжињерство", да ја откријат тајната и потоа да ја употребат
- заштитата на трговската тајна може да се примени само во случај на несоодветно стекнување, употреба или откривање на доверливата информација
- до колку тајната е јавно откриена, секој што ќе обезбеди пристап ќе има слобода да ја употреби
- тешко е да се чува трговската тајна, затоа што степенот на заштита е многу послаб од колку кај патентите, и
- трговска тајна може да биде патентирана од други кои можат независно да го развијат истиот пронајдок со легитимни средства

Додека патентите и трговските тајни можат да бидат забележани како алтернативни средства за заштита на пронајдоци, тие често се комплементарни еден со друг. Ова е поради тоа што подносителите на пријава за патент главно го чуваат пронајдокот како тајна додека патентната пријава не биде објавена од патентниот завод. И повеќе од тоа, голем дел од know-how за тоа како да се експлоатира патентен пронајдок секогаш успешно се држи како трговска тајна.

Што може да биде патентирано?

Пронајдокот мора да исполни неколку барања за да биде соодветен за патентна заштита. Ова, особено вклучува барања:

- постоење на **патентибилен предмет** на заштита (види страница .... (11))
- дека е **нов** (барање за новост) (страница... (12))
- **вклучување на инвентивен придонес** (барањето не е неопходно) (страница .... (12))
- **применливост во индустријата** (барање за применливост) (страница ... (13))
- **откривање** на јасен и целосен начин во патентната пријава (барање за откривање) (страница.... (13))

Најдобар начин за разбирање на овие барања е да се проучи што било патентирано од другите од техничката страна на вашиот интерес. За ова, можете да ги консултирате патентните архиви (повеќе за патентни архиви на страници ..... 16 и 17)



Меѓународна пријава бр. PCT/IT2003/000428

Сад за подготвување на храна или пијалаци по пат на загреани течности

Корисни модели

Некои карактеристики на корисни модели се:

- условите за доделување на корисни модели се полесни, како што барањата за „инвентивен придонес" можат да бидат помали или да изостануваат
- постапките за доделување корисен модел се главно побрзи и поедноставни од оние за патентите
- надоместоците за стекнување и одржување се главно пониски од оние кои се применуваат за патенти
- најдолго можно траење на корисниот модел вообичаено е покус од оној кај патентите
- корисните модели можат, во некои држави, да бидат ограничени на определени полиња од технологијата и можат да бидат расположиви само за производи (не за постапки), и
- вообичаено, пријава за корисен модел или доделен корисен модел може да биде конвертирана во редовна патентна пријава

Што е патентибилен предмет?

Во најголем број национални или регионални патентни законодавства предметот на патентибилност е дефиниран негативно, т.е. со листа на тоа што не може да се патентира. Иако има разлики помеѓу државите, следното се примери од некои полиња кои можат да бидат исклучени од патентибилноста:

- откритија и научни теории
- естетски креации
- шеми, правила и методи за изведување на умствени активности
- откритија на субстанци кои природно се појавуваат во светот
- пронајдоци кои можат да имаат влијание врз јавноста, добриот морал или јавното здравје
- дијагностички, терапевтски и хируршки методи за третман на луѓето или на животните
- растенија и животни поинакви од микроорганизми и суштински биолошки постапки за производство на растенија или на животни поинакви од не-биолошки и микробиолошки постапки, и
- компјутерски програми

Заштита на компјутерски софтвер

Во некои држави математичките алгоритми, кои се основа за подобрување на функционалноста на компјутерскиот софтвер, можат да бидат заштитени со **патенти**, додека во други, тие експлицитно се исклучени како **непатентибилен предмет**. Во некои држави од овие последниве, пронајдоците во врска со софтверот сепак можат да бидат патентибилни, предвидувајќи дека софтверот се третира како **технички продонес** кон состојбата на техниката. За повеќе информации за патентибилност на компјутерскиот софтвер во вашата држава, контактирајте го вашиот национален или регионален патентен завод (види Анекс 1 за листа на веб страници на патентните заводи).

Во најголем број држави, предметот и изворниот код на компјутерските програми можат да бидат заштитени со **авторското право**. Заштитата на авторското право не е предмет на регистрација, но возможна и пожелна е опциона регистрација во некои држави. Заштитата на авторското право е повеќе ограничена во обем од патентната заштита, иако тоа го покрива само изразот на идејата, а не и самата идеја. Многу компании го заштитуваат предметниот код на компјутерските програми, додека изворниот код се чува како **трговска тајна**.

Како се проценува дали е пронајдокот нов или е новост?

Пронајдокот е нов или е новост до колку не претставува дел од **претходна состојба на техниката**. Општо, претходна состојба на техника се однесува на целото релевантно техничко знење расположиво за јавноста секаде во светот пред првата дата на релевантната патентна пријава. Таа вклучува, inter alia, патенти, патентни пријави и не-патентна литертура од сите видови.

Дефиницијата за претходната состојба на техниката се разликува од држава до држава. Во многу држави, секоја информација откриена во јавноста каде и да е во светот во писмена форма, со усна комуникација, со прикажување или низ јавна употреба претставува претходна состојба на техниката. Така, во принцип, објавување на пронајдок во научно гласило, негово претставување на конференција, негова комерцијална употреба или негово прикажување во каталог на компанија, се заедно конституира активности кои би можеле да ја уништат новоста на пронајдокот и да доведат до непатентибилност. Важно е да се превенира ненадејно откривање на пронајдоците пред поднесување на патентната пријава. Помош од компетентен патентен застапник често е круцијална за јасно определување што се вклучува во претходна состојба на техниката. Претходната состојба на техниката често вклучува „тајни претходни техники" како што се необјавени патентни пријави, предвидувајќи дека тие се објавени во подоцнежна фаза.

Кога се смета дека пронајдокот „содржи инвентивен придонес"?

Се смета дека пронајдокот содржи инвентивен придонес (или да биде **нејасен**) кога, земајќи ја предвид претходната сосотојба на техниката, пронајдокот не можел да биде јасен за лице кое е обучено во соодветното поле на технологијата. Нејасноста во барањето е за да се осигура дека патентите само се доделени во врска со вистински креативни и пронаоѓачки достигнувања, а не за развои кои лице со обични вештини во тоа поле би можело лесно да ги извлече од она што веќе постои.

Некои примери од тоа што не може да се квалифицира како инвентивност, извлечени од судски одлуки во минатото во некои држави се: измена на величина; намалување на производот; замена на делови; измена на материјали; замена со еквивалентен дел или функција.

Патентот за антибиотикот azythromycin на хрватската компанија Плива и донесе на компанијата милиони долари во последната декада. Патентот беше основа за успешен лиценцен договор со една голема странска фармацевтска компанија.

Што значи „применливо во индустријата“?

За да биде патентибилен, пронајдокот мора да биде применлив во индустријата или во деловното работење. Пронајдок не може да биде деловното работење; тој мора да биде корисен и да обезбедува практична корист. Изразот „индустрија“ се употребува тука во најширока смисла како нешто што се разликува од чиста интелектуална или естетска активност и вклучува, на пример, и земјоделие. Во некои држави, наместо применливост во индустријата, критериумот е корисност. Барањето за корисност стана важно за патентите во генетиката за кои корисноста е непозната во време на поднесување на пријавата.

Што значи барањето за откривање?

Согласно националното законодавство во многу држави, **патентната пријава мора да го открие пронајдокот** на начин кој е доволно јасен и целосен за пронајдокот да биде разбирлив од лице кое е обучено во тоа специфично поле на техниката. Во некои држави, патентниот закон бара пронаоѓачот да го открие и **„најдобриот модел“** за практицирање на пронајдокот. За патентите кои вклучуваат микроорганизми, многу држави бараат микроорганизмите да бидат депонирани во **овластен депозиторен институт**.

Патенти во природните науки

Во изминативе години има сериозно наголемување на бројот на патентите во природните науки (особено во биотехнологијата) и сериозни разлики меѓу државите за тоа што може да биде патентирано. Скоро сите држави дозволуваат за патентирање пронајдоци кои вклучуваат **микроорганизми** и бараат депонирање на примерокот на организмот во овластена институција кога микроорганизмот се уште не е јавно расположив и не може поинаку да биде опишан. Многу држави исклучуваат **растенија и животни** од патентибилност, но дозволуваат патентирање на билошки материјали кои се изолирани од нивната природна околина или кои се произведени по технички пат. Националното законодавство исто така може да состави листа од посебни видови пронајдоци кои не можат да бидат патентирани, како што се постапки за клонирање на човечки суштества или постапки за модифицирање на линија на зачетоци на генетскиот идентитет на човечките суштества.

Зависно од државата, **новите видови растенија** се заштитени или по пат на патентниот систем или со посебен систем на заштита на нови видови растенија (види www.upov.int за повеќе информации) или со комбинација на овие две.

Кога да поднесете патентна пријава?

Општо, пожелно е да се поднесе пријава за патентна заштита веднаш кога ќе ја имате информацијата која се бара за составување на патентната пријава. Како и да е, постојат голем број фактори кои помагаат подносителот да одлучи кога е најдоброто време да се поднесе патентна пријава. Следното се причините за да се осигурате дека вашата пријава е поднесена доволно рано:

- Во многу држави во светот (со исклучок на САД, види на страница 22) патентите се доделуваат врз основа **прв-поднел**. Така, поднесување на пријавата порано е важно за да се осигурате дека вашето е прво поднесување на предметниот пронајдок и дека нема да го изгубите од другите.
- Поднесување за патентна заштита порано е корисно за барање на **финансиска помош** или за барање да се **лиценцира** вашиот пронајдок за да се комерцијализира
- Вие можете да го спроведувате вашиот патент само од како ќе биде доделен од релевантниот патентен завод, што е процедура која може да трае неколку години (види страница 26)

Како и да е, брзањето да се поднесе патентна пријава веднаш исто така може да биде проблем од следните причини:

- До колку пријавите прерано и потоа правите измени во вашиот пронајдок, главно не ќе биде можно да се направат значителни промени во оригиналниот опис на пронајдокот
- Кога сте поднеле пријава во една држава или регион, имате **12 месеци** да ја поднесете истата пријава во други држави кои се од интерес за вашата работа, со цел да ги уживате погодностите од датата на пријавување на вашата прва пријава. (Видете објаснување за приоритет на страница 30). Ова може да биде проблем до колку трошоците за пријавување во различни држави и плаќањето на надоместокот за одржување се високи за вашата компанија. Еден од начините да се надмине овој проблем е да се одложи плаќањето за преводот и за националниот надоместок за период од 30 месеци со употребата на **Договорот за соработка во областа на патентите (PCT)** (види ги страниците 32 и 33).

Кога се одлучува за времето за поднесување на пријава, важно е да се има предвид дека пријавата треба да биде поднесена пред откривање на пронајдокот. Секое откривање пред пријавувањето (на пр. за тест-маркетинг, на инвеститори или на други деловни партнери) би требало да биде направено само по потпишување на договор за доверливост или за неоткривање.

Кои права се доделуваат со патент?

Правата за патент му гарантираат на неговиот сопственик **право да ги исклучи** другите од комерцијална употреба на пронајдокот. Ова го вклучува правото да се превенираат или да се запрат другите од правење, употреба, нудење за продажба, продавање или увоз на производ или постапка засновани на патентниот пронајдок, без одобрение на сопственикот.

Важно е да се забележи дека патентот не му дозолува на сопственикот „слобода за употреба" или право да експлоатира технологија покриена со патентот, туку само право да ги исклучи другите. Иако можеби се чини дека ова е занемарлива разлика, тоа е суштинско за да се разбере патентниот систем и интеракцијата на повеќекратните патенти. Всушност, патентите поседувани од други можат да се преклопуваат, да го вклучуваат или да го содржат вашиот сопствен патент. Така, вие ќе треба да обезбедите лиценца за употреба на пронајдоците на другите со цел да се комерцијализира вашиот сопствен патентиран пронајдок и обратно.

Исто така, пред да можат да бидат предметните пронајдоци (како што се фармацевтските лекови) комерцијализирани, можеби ќе бидат потребни и други одобренија (на пр. пазарно одобрување од релевантно регулаторно тело).

Кој е пронаоѓачот и кој го поседува правото на патент?

Лицето кое го пронашло пронајдокот е **пронаоѓач**, додека лицето (или компанијата) кое ја поднело пријавата за патент е **подносител на пријавата, носител или сопственик** на патентот. Додека во некои случаи пронаоѓачот исто така може да биде и подносител на патентот, двајцата се најчесто различни ентитети; подносителот најчесто е компанија или истражувачки институт кои го вработуваат пронаоѓачот. Следните посебни услови бараат понатамошна анализа:

- **Пронајдоци на вработените**. Во многу држави, пронајдоците развиени од работен однос автоматски му се пренесуваат на работодавецот. Во некои држави, ова е така ако е наведено во договорот за вработување. Во некои случаи (на пр. до колку не постои договор за вработување), пронаоѓачот може да го задржи правото за експлоатација на пронајдокот, но на работодавачот му се дава неекслузивно право да го употребува пронајдокот за свои внатрешни потреби (т.н. „право во продавница"). Важно е да се запознаете со посебното законодавство во вашата држава и да се осигурате дека договорите за вработување содржат одредби за сопственост на пронајдоци од работен однос за да ги избегнете идните спорови.

- **Независни договарачи.** Во најголем број држави, независниот договарач најмен од компанијата за развој на нов производ или постапка, ги поседува сите права за пронајдокот, освен ако не е поинаку посебно предвидено. Ова значи дека, освен ако договарачот нема писмен договор со компанијата каде пронајдокот го пренесува на компанијата, компанијата главно нема права на сопственост над тоа што е развиено, дури и ако плати за развојот.
- **Заеднички пронаоѓачи.** Кога повеќе од едно лице придонесува на значителен начин во концепцијата и реализацијата на пронајдокот, тие мора да бидат третирани како заеднички пронаоѓачи и да бидат наведени во патентната пријава. До колку заедничките пронаоѓачи се и подносители на пријавата, патентот ќе им биде доделен на сите заеднички.
- **Заеднички сопственици.** Различни држави и институции имаат различни правила во врска со експлоатацијата или примената на патенти кои се во сопственост на повеќе од едно правно или физичко лице. Во некои случаи, ниту еден поедеинечен сосопственик не може да лиценцира патент или да поведе спор против трети страни за повреда без согласност на сите други сосопственици.

Куса проверка

- **Дали ќе го патентирате вашиот пронајдок?**

  Зависи од предностите на патентната заштита, видот на алтернативите (тајност, корисни модели и др.) и анализите на трошоците / приходите. Прочитајте повеќе за патенти во следните оддели за да се осигурате дека сте донеле правилна одлука.
- **Дали вашиот пронајдок е патентибилен?**

  Зависи од барањата за патентибилност, откријете ги деталите за тоа што е патентибилно во вашата држава и проверете ја претходната состојба на техниката (видите го следниот оддел)
- **Осигурете се дека се јасни прашањата во врска со правата над пронајдокот** меѓу компанијата, нејзините вработени и сите други деловни партнери кои можат да учествуваат финансиски или технички во развивање на пронајдокот.

2. Како да добиете патент

Каде би требало да почнете?

Општо е дека првиот чекор е да се направи **претходна проверка на состојба на техниката.** Со повеќе од 40 милиони доделени патенти во светот и со милиони печатени публикации кои се потенцијални претходни состојби на техниката за вашата патентна пријава, постои сериозен ризик дека некои референци или комбинација од референци можат да придонесат вашиот пронајдок да не биде нов или јасен и со тоа да биде непатентибилен.

Истражувањето на претходната состојба на техниката може да ве спречи од губење на пари за вашата патентна пријава до колку истражувањето открие претходни референци за состојбата на техниката кои би го оневозможиле патентирањето на вашиот пронајдок. Истражувањето на претходанта состојба на техниката би требало да се прошири на целата релевантна литература, вклучувајќи технички и научни гласила, текстови, конференции, тези, веб страници, брошури на компании, трговски публикации и написи во весниците.

Патентна информација е **единствен извор на класифицирана техничка информација**, која за компаниите има голема вредност за нивното стратегиско деловно планирање. Најзначајните пронајдоци се отворени за јавноста прв пат тогаш кога патентот или патентната пријава се објавени. Така, патентите или патентните пријави претставуваат средства за учење за предметните истражувања и иновации многу пред релевантните иновативни производи да се појават на пазарот. Патентните истражувања би требало да бидат дел од суштинската работа на компаниите.

Важност на истражувања на патентните архиви

Покрај проверката дали пронајдокот е патентибилен, постојано и ефикасно истражување на патентните архиви може да обезбеди многу корисни информации за:

- истражувачко развојните активности на постоечките и идните конкуренти;
- постоечките насоки во одредено поле од технологијата
- технологиии за лиценцирање
- потенцијални снабдувачи, деловни партнери или извори на истражувања
- можни пазарни насочувања дома и надвор
- релевантни патенти од другите, за да се осигурате дека вашите производи не ги повредуваат нив („слобода за работа")
- релевантни патенти кои истекле и технологија која станува јавно добро, и
- можен нов развој заснован на постоечки технологии

Како и каде можете да изведувате истражување за претходна состојба на техниката?

Патентите и патентните пријави објавени од многу патентни заводи можат да се најдат на Интернет, со што се олеснува истражувањето за претходната состојба на техниката. Листа на заводи за индустриска сопственост кои својата **патентна архива ја ставаат на располагање на Интернет** бесплатно, може да се најде на www.wipo.int/ipdl/resources/links.jsp . Дополнително, многу национални патентни заводи нудат услуги за истражување на патенти со надоместок.

Додека приодот до патентни информации е многу поедноставен благодарение на Интенет, воопшто не е лесно да се изведе високо квалитетно патентно истражување. Патентниот жаргон секогаш е комплексен и професионалното истражување бара соодветно знаење и експертиза. Додека прелиминарните истражувања можат да бидат направени бесплатно во патентните архиви преку Интернет, на најголем дел од компаниите им се потребни патентни информации за да донесат клучни деловни одлуки (на пр. дали да пријават или да не пријават патент), кои главно се во врска со услугите на патентните професионалци и/или користење на софистицирани комерцијални архиви.

Истражување за претходна состојба на техниката може да се врши врз основа на клучен збор, патентна класификација или друг криетериум за истражување. Претходната состојба на техниката открива зависност од стратегијата на истражување, употребениот систем на класификација, техничката експертиза на лицето кое врши истражување и на патентната архива која е употребена.

Меѓународна патентна класификација

Меѓународната патентна класификација (МПК) е хиерархиски калсификационен систем употребен за класификација и истражување на патентните документи. Тој исто така служи како инструмент за подредување на патентните документи, како основа за селективна дисеминација на информации и како база за истражување на состојбата на техниката во одредено поле на технологијата. Седмото издание на МПК се состои од **8 секции**, кои се поделени на **120 класи, 628 под-класи** и околу **69.000 групи**.

Осумте секции се:

А. Човечки потреби
Б. Операции за изведување,транспортирање
В. Хемија; Металургија
Г. Текстил; Хартија
Д. Фиксни конструкции
Ѓ. Механички инжињеринг; Осветлување; Греење; Оружје; Експлозив
Е. Медицина
Ж. Електрика

Во моментов, повеќе од 100 држави ја употребуваат МПК за да ги класифицираат своите патенти: www.wipo.int/classifications/en/ipc/index.html

Како да поднесете пријава за патентна заштита?

Откако е извршено истражување за претходна состојба на техниката и е донесена одлука да се бара патентна заштита, треба да се подготви **патентна пријава** и да се достави до релевантниот **национален или регионален патентен завод**. Пријавата ќе содржи целосен опис на пронајдокот, патентни барања кои го определуваат обемот на заштитата на пријавениот патент, нацрти и апстракт. (Повеќе за структурата на патентната пријава види на страница 24). Некои патентни заводи им дозволуваат на подносителите на пријавите да ги поднесуваат преку Интернет. Во некои држави може да постои можност за поднесување на привремена патентна пријава (види на страница 23).

Работата за подготвување на патентна пријава главно се изведува од патентен застапник или од агент кој ќе ги претставува вашите интереси во текот на процесот на пријавување. Сликата на следната страница обезбедува основен преглед на постапката за пријавување. Имајте предвид дека може да има значајни разлики помеѓу државите и секогаш е најдобро да проверите кај патентниот завод на релевантната држава или кај фирма за патентно право во релевантната држава за да добиете најнови информации за постапките и применливите надоместоци.



Меѓународна пријава бр. PCT/DE2003/003510. Капак за тркало на моторно возило кој содржи интегриран модул на воздушно перниче.

Постапување по пријавата - чекор по чекор

Чекорите кои ги презема патентниот завод за да додели патент се различни, но општо гледано, се употребува сличен модел:

- **Формално испитување:** Патентниот завод ја испитува пријавата за да се осигура дека е усогласена со сите административни барања или формалности (пример, дека сите релевантни документи се вклучени и дека е платен надоместокот за пријавата)
- **Истражување:** Во многу држави патентниот завод изведува истражување за да ја определи претходната состојба на техниката во посебното поле каде пронајдокот припаѓа. Извештајот од истражувањето се употребува во текот на суштинското испитување за да го спореди пронајдокот со претходната состојба на техниката.
- **Суштинско испитување:** Целта на суштинското испитување е да осигура дека пријавата ги задоволува барањата за патентибилност. Сите патентни заводи не вршат испитување на пријавите за задоволување на сите барања за патентибилност, а некои го прават тоа само по барање во посебен рок. Резултатите од испитувањето му се доставуваат на подносителот на пријавата (или на неговиот застапник) во писмена форма за да се овозможи одговор и/или отстранување на пречките кои произлегле во текот на испитувањето. Оваа постапка често резултира со намалување на обемот на барањата.
- **Објавување:** Во повеќето држави патентните пријави се објавуваат 18 месеци по првата дата на поднесување. Патентните заводи исто така ги објавуваат патентите и кога се доделени.
- **Доделување:** Кога постапката за испитување доведува до позитивни заклучоци, патентниот завод го доделува (признава) патентот и издава решение за признавање на правото на патент.
- **Приговор:** Многу патентни заводи предвидуваат период во кој трети страни можат да го приговорат доделениот (признатиот) патент, на пример, врз основа на тоа што пронајдокот не е нов. Постапките за приговарање можат да бидат пред доделувањето или по доделувањето и се возможни во ограничени временски периоди.

Поднесување патентна пријава

↓

Формално испитување

↓

Објавување на пријавата

↓

Пребарување и суштинско испитување

↓

Признавање и објавување

↓

Постапки за приговор

Горното е стилизирана графика на постапките за доделување патент во некои патентни заводи. Имајте предвид дека постапките можат да бидат различни кај патентните заводи.

Колку чини да се патентира пронајдок?

Трошоците се различни од држава до држава и во рамките на една држава зависат од факторите како што се природата на пронајдокот, неговата комплексност, надоместокот за застапникот, должина на пријавата и приговорите кои произлегуваат во текот на испитувањето од патентниот завод. Важно е да се знаат и навремено да се предвидат трошоците кои се во врска со патентната пријава и одржувањето:

- Постојат општи трошоци придружени со истражување на **претходна состојба на техниката**, особено ако се потпирате на услуги на експерт
- Постојат званични **надоместоци за поднесување** кои се многу различни од држава до држава. Релевантниот национален или регионален патентен завод може да ви ги даде деталите за структурата на надоместоците. Некои држави даваат попусти за мали и средни претпријатија (МСП) и/или за поднесување пријава преку Интернет. Дополнително, некои држави дозволуваат брзо испитување по плаќање на дополнителен надоместок.
- Ако се потпирате на услугите патентен **застапник** да ви помага во постапката за пријавување (на пр., да обезбеди мислење за патентибилност, нацрт на патентната пријава, подготвување на формални цртежи и кореспонденција со патентниот завод), ќе платите дополнителни трошоци
- Откако патентот ќе биде доделен (признаен) од патентниот завод, морате да платите **надоместок за одржување и обновување**, главно на годишна основа, за одржување на важноста на патентот
- Во случај да одлучите да го патентирате вашиот пронајдок во странство, исто така морате да сметате на **релевантните званични надоместоци за пријавување** во државите за кои станува збор, трошоци за превод и трошоци за локален патентен застапник (што е барање во многу држави за странски подносители на пријава)
- Во случај на пронајдоци кои вклучуваат микроорганизми, каде **депонирањето на микроорганизмот** или на биолошкиот материјал кај овластена институција е неопходно, надоместоци за поднесување, чување и тестирање на депонираните материјали ќе треба да бидат платени.

OAPI патент бр. 40893. Сет(комплет) за итна автотрансфузија (EAT-SET), пронајден и патентиран од нигериското доктор Овиемо Овадје, се однесува на откривање на крвта надвор од телото на пациентот кој има внатрешно крвавење. Истата крв повторно се инфузира по филтрацијата. Производот е комерцијализиран од EAT-SET Industries и First Medical and Sterile Products.

Колку е важно пронајдокот да се чува во тајност пред да се поднесе патентна пријава?

Ако сакате да обезбедите патент за вашиот пронајдок, неопходно е да го чувате **доверливо** пред да поднесете пријава. Во многу случаи, јавното откривање на вашиот пронајдок пред поднесување на пријавата би можело да ја уништи новоста на вашиот пронајдок, со што го прави непатентибилен, освен ако применливото право не предвидува **„грејс период"**.

Така, многу е важно за пронаоѓачите, истражувачите и компаниите да избегнуваат секакво откривање кое може да има влијание на неговата патентибилност пред да се поднесе патентна пријава.



Меѓународна пријава PCT/I801/00706.
Подобрувања во полнење на мобилни телефони.

Прв-поднел против прв-пронашол

Во најголем број држави патент се доделува на **првото лице кое поднело патентна пријава** за пронајдокот. Исклучок се Соединетите Држави каде се применува системот **прв-пронашол**, во кој, во случај на слични поднесени патентни пријави, патентот ќе му биде доделен на првиот пронаоѓач, кој пронајдокот го применил во практика, независно дали прв ја поднел патентна пријава. Со цел да се докаже пронаоѓаштвото во системот прв-пронашол, круцијално е да се поседуваат уредни, целосно потпишани и датирани **лабораториски тетратки**, кои можат да се употребат како доказ во случај на спор со друга компанија или пронаоѓач.

Што е грејс период?

Законодавството на некои држави предвидува **„грејс период"** од 6 до 12 месеци од денот кога пронајдокот е откриен од пронаоѓачот или од подносителот до поднесување на пријавата, во кој пронајдокот не ја губи својата патентибилност поради ова откривање. Во тие држави комапнијата може да го открие пронајдокот, на пример со прикажување на саем или со печатење во својот каталог или во технички журнал, и да ја поднесе патентната пријава во грејс периодот без пронајдокот да ја изгуби својата патентибилност и да има пречки во добивањето на патент.

Ова не е случај во сите држави, грејс периодот во вашата држава ќе ви помогне во патентирање на пронајдокот на другите пазари од интерес каде грејс период не е возможен.



Меѓународна пријава број PCT/EP02/05212.
Широк спектар на 2-amino-benzoxazole sulfonamide HIV protease инхибитори

Претходни патентни пријави

Во неколку држави (вклучувајќи ги Австралија, Канада, Индија и САД) подносителите имаат можност да поднесат претходна патентна пријава. Претходната патентна пријава има за цел да биде поевтина при влезот во патентниот систем. Потоа, подносителот може да чека до една година пред да поднесе целосна патентна пријава. Деталите како варира работењето со претходна патентна пријава од држава до држава, некои особености кои се општо прифатени во државите кои ова го овозможуваат, вклучуваат:

- Претходна патентна пријава генерално не подразбира суштинско испитување
- Званичните наодместоци за поденсување на пријавата се пониски од надоместоците за целосна патентна пријава
- Претходна пријава не подразбира патентни барања. Но подразбира целосен опис на пронајдокот

Каква е структурата на патентната пријава?

Патентната пријава има цел спектар функции:

- го определува законскиот обем на патентот
- ја опишува природата на пронајдокот, вклучувјќи упатства како да се изведе пронајдокот, и
- дава детали за пронаоѓачот, патентниот сопственик и други законски информации

Патентните пријави се слично структуирани во целиот свет и се состојат од **барање, опис, патентни барања, нацрт** (ако е потребно) и **апстракт**. Патентен документ може да биде долг помеѓу неколку страници и неколку стотици страници, зависно од природата на пронајдокот и од состојбата на техниката.

Барање

Содржи информација за насловот на пронајдокот, датата на поднесување, датата на приоритет и библиографските податоци како што се името и адресата на подносителот и пронаоѓачот

Опис

Описот на пронајдокот во писмена форма мора да го опишува пронајдокот во детали, така што секој што е обучен во истото теехничко поле ќе може да го реконструира и да го практицира пронајдокот од описот и нацртот, без да додава понатамошни инвентивни методи. До колку ова не е случај, патентот може да не биде доделен или може да биде отповикан по судски налог.

Патентни барања

Патентните барања го определуваат обемот на заштитата на патентот. Патентните барања се круцијални во апсолутна смисла на зборот за патентираниот пронајдок, до колку се лошо конципирани, дури и вистински вреден пронајдок може да резултира во безвреден патент, кој е лесно да се прескокне или да се предизајнира.

Во патентното право, интерпретирањето на патентните барања е главно првиот чекот во определување дали е патентот во важност и во определување дали е патентот повреден. Се препорачува да се побара совет од експерт за да го направи нацртот на патентната пријава, особено патентните барања.

Примери за патентни барања:

Првите две барања од Патентот US4641349 насловен „Систем за распознавање на ирис“:

1. Метода за идентификација на лице која се состои од: чување на информација од најмалку еден дел од ирисот и делот од човечкото око; осветлување на окото на неидентифицирано лице со ирис и дел од окото; снабдување со приказ од најмалку ист дел од ирисот и делот од окото од неидентификуваното лице; и споредување на најмалку делот од ирисот со снабдениот приказ со сочуваниот приказ на идентитетот на неидентификуваното лице.
2. Методата од барањето 1 во која осветлувањето се состои од чување на приказот од делот од окото со најмалку една однапред детерминирана величина, споредувајќи го најмалку делот од ирисот од снабдениот приказ со сочуваната информација на приказот добиена од око со неговиот дел во истата величина.

Нацрти

Нацртите ги покажуваат техничките детали од пронајдокот во апстракт и на визуелен начин. Тие помагаат да се објаснат некои информации, алатки или резултати наведени во откривањето. Нацртите не се секогаш обврзан дел во пријавата. До колку пронајдокот е за постапка или метода нешто да се направи, вообичаено не се бараат нацрти. До колку нацртите се бараат, треба да бидат исполнети формални правила за тие да бидат прифатливи.

Пример на нацрт:



Патент број DE10230179 за дигалка или „Уред за ослободување на пневматици“. Пронајдокот предвидува нова дигалка за кревање на тркалата на возилото. Тој има потпирачка структура (11) која ја ангажира надворешната рамка (4) на тркалото(ата) (1). Дигалката го придвижува тркалото директно, а не каросеријата на возилото. Така, доволна е помала должина на кревање за да се ослободи тркалото од земјата.

Апстракт

Апстрактот е кратко резиме на пронајдокот. Кога патентот се објавува од патентниот завод, апстрактот е вклучен на предната страница. Апстрактот понекогаш е подобрен од страна на патентниот истражувач од релевантниот патентен завод.

Колку време е потребно за да се добие патентна заштита?

Времето кое е потребно патентниот завод да додели патент е различно и значително зависи од завод до завод и меѓу полињата на технологијата и можат да се движат од неколку месеци до неколку години, главно меѓу 2 и 5 години. Некои патентни заводи имаат постапка за забрзување на доделувањето, до колку тоа се бара од подносителот на пријавата во посебни услови.



Меѓународна пријава број PCT/FR/2004/000264. Предмет за контролирање на движењето на сателит со жироскопски двигател.

Од која дата е заштитен вашиот пронајдок?

Вашите права започнуваат од датата кога патентот е доделен, а вие можете да започнете со законски постапки против неовластена употреба на пронајдокот од трети страни од како тој е доделен. Во некои држави можете да ги тужите оние што повредуваат по доделувањето, за повреда која се појавила меѓу датата на објавување на патентната пријава (главно, 18 месеци по поднесување на првата пријава) и датата на доделување. Можете да барате разумен надоместок за употреба помеѓу објавувањето и доделувањето. Но ова не е случај во сите држави. (Повеќе за примената на страници 39 и 40).

Во некои држави, возможно е да се поднесе патентна пријава и пријава за корисен модел за ист пронајдок. Понекогаш ова се прави со цел да се добие корист од заштита на корисен модел (кој генерално се доделува побрзо) до евентуалното доделување на патент.

Коректура на доделен патент

Кога патентот е доделен, се препорачува патентот да се корегира за да се осигура дека нема грешки или зборови што недостигаат, особено во патентните барања.

Колку долго трае патентната заштита?

Сегашниот меѓународен стандард предвидува период на заштита од **20 години** од датата на поднесување на пријавата, предвидувајќи дека надоместокот за обновување или за одржување е платен на време и дека нема никакви барања за поништување или за отповикување во изминатиот период.

Додека горното се однесува на правниот живот на патентот, **деловниот или економскиот живот** покриен со технологијата не може да се датира, до колку не може да биде комерцијализиран или до колку производот заснован на него не се покажал успешно на пазарот. Во такви услови, носителот на патентот може да одлучи да не продолжи со плаќање на надоместоци за одржување или за обновување, оставајќи патентот да истече порано од рокот на заштита од 20 години, и со тоа да дозволи истиот да стане јавно добро.

Во некои држави заштитата може да биде проширена и преку 20 години или може да биде доделен **Дополнителен сертификат за заштита** (ДСЗ) под посебни услови. Ова е случај, на пример, за патентни од фармацевството каде одлагањето на комерцијализацијата е резултат на времето кое е потребно да се добие пазарно одобрение од соодветните владини органи. ДСЗ има ограничено траење и главно не може да надмине пет години.

„Patent Pending“ (Пријавен патент)

Многу компании ставаат ознака на нивните производи со означување на пронајдокот со зборовите „Patent Pending“ или „Patent Applied for“ (пријавен патент), придружена со бројот на патентната пријава. Слично, кога патентот е доделен, компаниите многу често поставуваат известување дека производот е патентиран, вклучувајќи го понекогаш и бројот на патентот. Овие услови не обезбедуваат никаква правна заштита од повредите, но тие можат да послужат како предупредување за другите да не го копираат производот како целина или во некои негови делови.

Дали ви е потребен патентен застапник за да поднесете патентна пријава?

Подготвување на патентна пријава и следење на истата до доделувањето е комплексна работа. Поднесување пријава за патентна заштита значи:

- истражување со цел да се идентифицира претходна состојба на техниката, која би можела да ја загрози патентибилноста на вашиот пронајдок
- пишување на патентни барања и целосен опис на пронајдокот со комбиниран правен и технички израз
- кореспондирање со национални или регионални патентни заводи особено во тек на суштинското испитување на патентната пријава
- правење неопходни дополнувања и измени на пријавата кои се бараат од патентниот завод

Сите овие аспекти бараат длабоко познавање на патентниот закон и практиката на патентиот завод.

Затоа, **иако правната или техничката помош не се задолжителни, тие се препорачуваат.** Се препорачува соработка со патентен застапник кој поседува релевантни знаења и од правото и искуства од техниката во техничкото поле на пронајдокот. Многу законодавства бараат странските подносители на пријава да бидат застапувани од регистриран патентен агент кој е резидент во државата.

Патент број Ep1165393.

Патентот на Торбен Фланбаум за „Сипувач за истовремено сипување на течност од контејнер и мешање на воздух во течноста“ беше лиценциран од Menu A/S, данско МСП, и стана најдобро продаван производ на компанијата.

Можете ли да поднесете пријава за заштита на повеќе пронајдоци преку една единечна пријава?

Најголем број патентни законодавства предвидуваат ограничувања во врска со бројот на различните пронајдоци кои можат да бидат вклучени во една патентна пријава. Овие ограничувања го вклучуваат т.н. барање за **единство на пронајдокот.** Додека некои патентни законодавства предвидуваат други видови на барања за единство на пронајдокот (на пример патентното законодавство на САД), другите (на пр. Европската патентна конвенција и Договорот за соработка во областа на патентите) дозволуваат групи пронајдоци да бидат така поврзани за да формираат **„пронаоѓачки концепт"** за да бидат вклучени во една пријава. Во случај на недостаток на единство на пронајдокот, може да се бара од подносителот на пријавата или да ги ограничи патентните барања или да ја подели пријавата (разделени пријави). Како резултат на разликите во применливото право, во некои држави е доволна една патентна пријава, додека во други треба да се поднесат повеќе пријави.

Куса проверка:

- **Дали вашиот пронајдок е патентибилен?** Извршете истражување на претходна состојба на техниката и искористете ги добро патентните архиви.
- **Поднесување на патентна пријава.** Земете ја предвид важноста на соработка со патентниот застапник / адвокат со експертиза во релевантото поле од технологијата, особено во нацртот на патентните барања.
- **Определување на времето за поднесување пријава**. Земете ги предвид причините за поранешно / подоцнежно поднесување на пријава и размислете за најдоброто време за поднесување на вашата патентна пријава.
- **Не ја правете достапна информацијата** за пронајдокот премногу рано за да не ја загрозите неговата патентибилност.
- **Надоместоци за одржување.** Запомнете дека треба на време да платите надоместоци за одржување или за обновување за вашиот патент(и) да биде во важност.

3. Патентирање во странство

Зошто да се поднесе пријава во странство?

Патентите се **територијални права**, што значи дека пронајдокот е заштитен само во државите или регионите каде е добиена патентната заштита. Со други зборови, до колку не ви е доделен (признаен) патент со важност во дадената држава, вашиот пронајдок нема да биде заштитен во таа држава, секој друг има право да го направи, да го употребува, да го увезе или да го продава вашиот пронајдок во таа држава.

Патентна заштита во странски држави ќе и овозможи на вашата компанија да ужива екслузивни права врз патентираниот пронајдок во тие држави. Понатаму, патентирањето во странство може да и овозможи на вашата компанија да го лиценцира пронајдокот на странски фирми, да развива деловни односи и да влезе на пазарите во партнерство со другите.



Меѓународна пријава бр. PCT/US02/12182. Апарат за надградување на систем на далечинско управување.

Кога да поднесете пријава за заштита на патент во странство?

Датата на вашата прва пријава за дадениот пронајдок се вика **дата на приоритет** и секоја последователна пријава во други држави поднесена во рок од **12 месеци** (т.е. во рамките на **периодот на приоритет**) ќе ги содржи погодностите од поранешната пријава и ќе има приоритет пред сите пријави за истиот пронајдок поденесени од други по датата на приоритет. Се препорачува да поднесете странски патентни пријави во рамките на периодот на приоритет.

По истекот на периодот на приоритет и до првото објавување од патентниот завод (главно **18 месеци** по датата на приоритет) вие се уште имате можност да го пријавите за заштита истиот пронајдок во другите држави, но нема да можете да барате приоритет од вашата поранешна пријава. Кога пронајдокот е објавен или е откриен за јавноста, вие немате можност да добиете патентна заштита во странските држави поради губењето на условот за новост.

Каде да го заштитите вашиот пронајдок?

Поради фактот што заштитата во многу држави е скап потфат, компаниите би требало внимателно да ги одберат државите во кои се бара заштита. Некои од клучните елементи околу одбирањето се:

- Каде би можело патентираниот производ да се комерцијализира?
- Кои се главните пазари за слични производи?
- Колку се високи трошоците за патентирање на секој целен пазар и кој е вашиот буџет?
- Каде се лоцирани главните конкуренти?
- Колку ќе биде тешко да ја спроведете заштитата на патент во предметната држава?

Меѓународна пријава број PCT/IT98/00133.

Пронајдокот за нова постапка за третирање на материјал е успехот на италијанската компанија Grindi SRL., кој е во врска со екслузивноста предвидена со патентот за комерцијализација на нов вид текстилни влакна.

Како да поднесете пријава за заштита на патент во странство?

Постојат три начина на заштита на пронајдок во странство:

Национален пат. Можете да поднесете пријава до националниот патентен завод на секоја држава од интерес, со поднесување на патентна пријава на бараниот јазик и со плаќање на бараниот надоместок. Овој начин може да биде многу долг и скап до колку бројот на државите е голем.

Регионален пат. Кога група држави се членки на регионален патентен систем, можете да поднесете пријава за заштита со важност на територите на сите или на некои од тие држави, со поднесување на пријава во релевантниот регионален завод. Регионални патентни заводи се:

- Африканска организација за заштита на интелектуална сопственост (OAPI) (www.oapi.wipo.net)
- Африканска регионална организација за заштита на интелектуална сопственост (ARIPO) (www.aripo.wipo.net)
- Евроазиска патентна организација (EAPO) (www.eapo.org)
- Патентен завод на Советот за соработка на Земјите од Заливот (www.gulf-patent-office.org.sa)

Меѓународен пат. Доколку вашата компанија сака да има можност за заштита на пронајдок во еден дел држави членки на Договорот за соработка во областа на патентите (PCT), тогаш би требало да поднесете меѓународна PCT пријава. За да можете тоа да го направите, вие морате да бидете државјанин или да имате престојувалиште во PCT договорна држава, или вашето деловно работење мора да биде вистинско или комерцијално присутно во една од овие држави. Со поднесување на една меѓународна пријава според PCT, можете истовремено да барате патентна заштита за пронајдок во повеќе од 125 држави членки на PCT (видете го Анексот 2). Пријавата може да бите поднесена или во вашиот национален или во регионалниот патентен завод и/или во PCT заводот во Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO) во Женева, Швајцарија.

Меѓународна пријава број PCT/US2001/028473.

EnviroScrub Technologies Corporation е американско МСП кое употребува PCT за да пријави патентна заштита на бројни странски пазари за својата технологија за движечки повеќекратни полуги за индустриски цели. Употребата на PCT за да пријави заштита во странство му овозможи на EnviroScrub да склучи лиценцен договор за глобално продавање на технологијата.

Куса проверка:

- **Територијални права**. Запоменете дека патентите се територијални права.
- **Период на приоритет.** Употребете го периодот на приоритет да поднесете пријава за заштита во странство, но не ги пропуштајте крајните рокови кои можат да влијаат врз заштитата во странство
- **Каде да се поднесе пријава.** Размислете каде ќе имате погодности од заштитата и имајте ги предвид трошоците за заштита во различни држави.
- **Како да се поднесе пријава.** Земете ја предвид PCT постапката за пријавување, потребното време и добијте вредна патентибилна информација врз основа на која можете да ја засновате одлуката за понатамошна патентна заштита

Предностите на PCT

PCT обезбедува најмалку **18 дополнителни месеци** по 12-те месеци период за приоритет, во кој подносителите можат да го предвидат комерцијалниот потенцијал на нивниот производ во различни држави и да одлучат каде да бараат патентна заштита. Плаќањето надоместоци и трошоците за превод кои ја следат националната пријава, така се одложени. PCT широко се употребува од подносителите за да ги задржи нивните можности отворени колку што е подолго возможно.

PCT подносителите добиваат **вредни информации** за потенцијалната патентибилност на нивниот пронајдок во форма на PCT **Меѓународен извештај од пребарување и Мислење во писмена форма од меѓународното тело за пребарување**. Овие документи им овозможуваат на PCT подносителите основа врз која ќе можат даодлучат дали и каде да бараат патентна заштита. Меѓународниот извештај за пребарување содржи листа на документи за претходна состојба на техниката од целиот свет, кои е идентифицирани како релевантни за пронајдокот. Мислењето во писмена форма од меѓународното тело за пребарувањето ја анализира потенцијалната патентибилност од аспект на резултатите од Меѓународниот извештај од пребарувањето.

Единечна PCT пријава, на еден јазик и со еднократен надоместок има важност за сите PCT држави членки. Оваа важност значително ги **намалува почетните трошоци** на доставување на посебни пријави до секој патентен завод. PCT може исто така да се употреби за поднеување пријави до некои од регионалните патентни системи. Водич за тоа како да поднесете меѓународна пријава според PCT можете да добиете од вашиот национален патентен завод и на www.wipo.int/pct.

Графички приказа за PCT постапката за пријавување



4. Комерцијализирање на патентираната технологија

Како да ја комерцијализирате патентираната технологија?

Патентот сам по себе не е гаранција за комерцијален успех. Тоа е алатка кој ќе и овозможи на компанијата да добие погодности од нејзините пронајдоци. Со цел да се обезеди соодветна погодност за компанијата, потребно е патентот да се експлоатира ефикасно и ќе донесе пари само ако производот, заснован на патент, е успешен на пазарот или ја зголемува репутацијата и моќта на фирмата. За да се постави патентираниот пронајдок на пазарот, компанијата има повеќе можности:

- комерцијализирање на патентираниот пронајдок директно;
- продавање на патентот на некој друг;
- лиценцирање на патентот на други;
- основање на joint venture или друго стратегиско здружување со другите за заокружување на средствата.

Како да го поставите патентираниот производ на пазарот?

Комерцијалниот успех на новиот производ на пазарот не зависи само од неговите технички карактеристики. Без оглед на тоа колку пронајдокот може да биде голем од технички аспект, до колку нема ефективно побарување за него или до колку производот не е соодветно поставен на пазарот, тој нема да ги привлече потрошувачите. Комерцијалниот успех исто така зависи и од други фактори, вклучувајќи го дизајнот на производот, развојот на ефикасната пазарна стратегија и цената на производот во споредба со онаа на конкурентните или сличните производи.

За да поставите иновативен производ на пазарот, генерално е пожелно да развиете **деловен план**. Деловните планови се ефикасни алатки за испитување на применливоста на деловната идеја. Деловен план е суштина за приод кон инвеститорите за обезбедување на финансиски ресурси за поставување на нов патентиран производ на пазарот. Вклучување информации за патентите на вашата компанија и патентните стратегии во деловниот план е важно, поради тоа што тоа е силен индикатор за новоста на производите на вашата компанија, обезбедува доказ за due diligence и го намалува ризикот од повреда од патентите на другите компании.

Дали можете да го продадете вашиот патент?

Да, и ова се вика пренесување на патент, и тоа целосно ќе ја пренесе сопственоста на патентот на друго лице. Ваква одлука мора да биде многу внимателно донесена.

Со лиценцирање на вашиот патент наместо со пренесување, можете да ги користите погодностите од надоместоците во текот на животниот век на патентот. Од таа причина лиценцирањето може да биде многу паметна финансиска стратегија. Пренесувањето, од друга страна, значи дека ќе примите надоместок за договореното еднаш, без идни надоместоци, независно од тоа колку е патентот профитабилен.

Може да има случаи кога пренесувањето може да има предности. До колку патентот е пренесен за голем износ, веднаш ќе ја примите вредноста, без да чекате таа вредност да се реализира прогресивно во следните 20 години. Исто така го избегнувате ризикот патентот да биде надминат со друга технологија. Понатаму, пренесување на патентот може да биде предуслов за добивање средства за компанија која почнува да работи, до колку патентот не и припаѓа на компанијата.

Во секој случај, тоа е индивидуална одлука заснована на вашите потреби и приоритети. Како и да е, не се препорачува пренесување на патент и сопствениците на патент главно претпочитаат да ја одржуваат сопственоста врз нивните пронајдоци и доделуваат лиценци.

Како го лиценцирате вашиот патент за да биде користен од другите?

Патент се лиценцира кога сопственикот на патенот (давачот на лиценца) му дава дозвола на друг (стекнувачот на лиценца) да го употребува патентираниот пронајдок за заеднички договорени цели. Во вакви случаи, вообичаено да се се потпише **договор за лиценца** помеѓу двете страни, со наведување на роковите и обемот на договорот.

Овластувајќи ги другите да го комерцијализираат вашиот патентиран пронајдок преку договор за лиценца ќе ви овозможи да добиете **дополнителен извор на приходи** и на таков начин компаниите ги користат ексклузивните права врз пронајдокот.

Лиценцирањето особено е корисно до колку компанијата која го поседува пронајдокот не е во состојба да направи производ или не може соодветно да ги исполни дадените пазарни потреби или да покрие географски области.

Поради фактот што договорот за лиценца бара вештини во преговарањето и конципирањето, се советува да се бара помош од практичар за лиценцирање и за преговарање околу роковите и условите и за изработка на договорот за лиценца. Во некои држави, договорите за лиценцирање треба да бидат регистрирани во владино регулаторно тело.

Каков износ на надоместок би требало да очекувате за вашиот патент?

Во лиценцните зделки, сопственикот на правото главно се обештетува преку еднократна исплата и/или преку **надоместоци**, кои можат да се засноваат на обемот на продажбата на лиценцираниот производ (по единица производ) или преку нето продажбата (нето надоместок). Во многу случаи обештетувањето за патентна лиценца е комбинација од едократен износ и надоместок. Понекогаш, надоместокот може да се замени со удел во компанијата стекнувач на лиценца.

Индустриските стандарди за висината на надоместокот постојат во некои индустрии и можат да се консултираат, но мора да се запомни дека секој договор за лиценцирање е самостоен и износот на надоместокот зависи од особени и многу различни фактори што треба да е договорат. Затоа, индустриските стандарди можат да пружат некои корисни почетни елементи, но секогаш има големи разлики со нив.

Каква е разликата меѓу екслузивна и неекслузивна лиценца?

Постојат три вида договори за лиценца, зависно од бројот на лиценците кои се потребни за патентот да работи:

- **Екслузивна лиценца:** единечен стекнувач на лиценца има право да ја употребува патентираната технологија, која не може да се употребува дури ни од сопственикот на патентот;
- **Соло лиценца:** единечен стекнувач на лиценца и сопственикот на патент имаат право да ја употребуваат патентната технологија; и
- **Неекслузивна лиценца:** повеќе стекнувачи на лиценца и патентниот сопственик имаат право да ја употребуваат патентната технологија

Во договорот за единечен стекнувач на лиценца може да има одредби каде некои права се доделуваат на ексклузивна основа, а некои права на единствена или неексклузивна основа.

Патентна пријава за менувач на топлина поднесена од иднискиот пронаоѓач Др. Милинд Ране, беше предмет на договор за лиценца со МСП од Мумбаи. Како што беше наведено во договорот, пронаоѓачот бараше еднократна исплата на потпис на договорот исто како и 4,5% надоместок од нето продажбата. Исто така, стекнувачот на лиценца ја зеде обврската за трошоците за патентната пријава и за одржувањето.

Патентираната метода за третман на отпадни води развиена од истражувачите на Националниот универзитет во Мексико (УНАМ) стана предмет на успешен неексклузивен договор со ИБ-Тек, универзитетска компанија основана да ги обезбеди иновативните решенија за третман на отпадни води.

Дали да доделите ексклузивна или неексклузивна лиценца за вашиот патент?

Тоа зависи од производот и од деловната стратегија на вашата компанија. На пример, до колку вашата технологија може да стане стандард кој се бара од сите играчи на еден посебен пазар за да ја вршат нивната работа, предност има неексклузивна лиценца. До колку вашиот производ бара компанијата да инвестира значително во комерцијализација на производот (на пр. фармацевтски производ кој бара инвестиции во клинички испитувања), потенцијалниот стекнувач на лицнца нема да сака да се соочи со конкуренција од другите стекнувачи на лиценца и може со право да инсистира да добие ексклузивна лиценца.

Кога е најдобро време да се лиценцира вашиот пронајдок?

Не постои најдобро време да се лиценцира вашиот пронајдок, времето зависи од посебностите во случајот. За независен претприемач или пронаоѓач секогаш се препорачува да почне со барање на стекнувач на лиценца колку што е можно порано со цел да се гарантира приход кој успешно ќе ги покрие трошоците на патентирањето. Тука нема потреба да се чека патентот да биде доделен.

Позначајно е да се најде вистински партнер(и) за да се собира добивка од комерцијализацијата на патентираниот пронајдок.

Проценка на патентот

Има многу различни причини зошто е погодно или неопходно за една компанија да бара проценка на патент, вклучувајќи сметководствени цели, лиценцни, интегрирачки или аквизитерски, пренесување или купување на средствата од интелектуална сопственост или зголемување на фондовите. Поради тоа што не постои единствена метода за проценка на патент применлива во сите услови, следното многу често се употребува:

- **Метода на приход:** најчесто употребувана метода за проценка на патент. Оваа метода се фокусира на очекуваните приходи кои носителот на патентот би ги добивал во тек на животниот век на патентот.
- **Метода на трошок:** ја поставува вредноста на патентот со пресметување на рошок за развој на слично средство, интерно или екстерно.
- **Метода на пазар:** се засновува на вредноста на споредливите трансакции на пазарот.
- **Опциони методи:** се засновуваат на методи на опции на цени иницијално развиени за употреба во опции на цени за производи.

Постојат фактори кои се тешки да се квантифицираат и тоа исто така може да има влијание на проценката на патентот, како што се тежината на патентните барања или постоење на блиски замени.

До колку сте заинтерсирани за патент на конкурентот, можете ли да добиете дозвола да го употребувате?

Може да биде тешко или невозможно секогаш да се добие овластување да се инкорпорира технологијата поседувана од конкурент во вашиот производ / постапка. Како и да е, до колку вашиот конкурент исто така е заинтересиран за патентите на вашата компанија, тогаш можете да размислувате за **вкрстено лиценцирање**. Вкрстено лиценцирање е многу често во индустрии каде бројни патенти покриваат широк обем на комплементарни пронајдоци и се наоѓаат кај двајца или повеќе конкуренти. Ваквите конкурентни компании бараат да си осигураат **слобода за работа** со обезбедување на правото да употребуваат патенти во сопственост на нивните конкуренти, при што го обезбедуваат правото на употреба на сопствените патенти за своите конкуренти.

Кус преглед:

- **Комерцијализација.** Се состои од различни можности за комерцијализација на вашиот патентиран пронајдок и осигурете се дека имате соодветен деловен план до колку одлучите да го поставите иновативниот производ на пазарот.
- **Лиценцирање.** Износот на надоместокот и другите услови од договорот за лиценца се предмет на преговори и се препорачува да се бара совет од експерт кога се преговара и кога се изработува договор за лиценца.
- **Екслузивна наспроти неексклузивна лиценца.** Се состои од причини за доделување екслузивна / неексклузивна лиценца, особено во врска со технологијата и деловната стратегија на вашата компанија.
- **Вкрстено лиценцирање.** Видете дали можете да го употребите вашиот патент(и) за да добиете корисна технологија поседувана од други.

5. Спроведување на заштитата на патентите

Зошто да ги спроведувате патентните права?

До колку имате нов производ и тој е успешен на пазарот, најверојатно конкурентите порано или подоцна ќе направат обид да изработат производ со технички карактеристики кои се идентични или многу слични на оние од вашиот производ. Во некои случаи конкурентите може да имаат подобра економија, подобар приод на пазарот или приод кон поевтини суровини и да бидат во можност да изработат сличен или идентичен производ по поевтина цена. Ова може да направи голем притисок на вашата работа, особено кога значајно е вложувано во истражување и развој за создавање на нов, подобрен производ.

Ексклузивните права добиени за патент му даваат на патентниот сопственик можност да ги превенира или да ги запре конкурентите од изработка на производи и употреба на постапки кои ги повредуваат неговите права и да бара надоместок за штетата која ја претрпел. За да се докаже дека е направена повреда, мора да се покаже дека секој и сите елементи од патентните барања или нивни еквиваленти се содржани во производот или постапката која повредува. спроведување на вашите права кога верувате дека вашиот патентиран пронајдок е копиран може да биде круцијално во одржувањето на вашата конкурентност, делот од пазарот и профитабилноста.

Кој е одговорен за спроведување на заштитата на патентните права?

Главна одговорност за идентифицирање и превземање дејства против оние што го повредуваат патентот лежи кај неговиот сопственик. Како патентен сопственик вие сте одоговорни за преглед на употребата на вашиот пронајдок на пазарот, распознавање на оние што повредуваат и одлучување дали, како и кога ќе се превземе дејство против нив. Независни пронаоѓачи и МСП можат да одлучат да ја доделат одговорноста (или дел од неа) на екслузивниот стекнувач на лиценца.

Се препорачува да се контактира патентен адвокат за да помогне во превземање чекори за применување на вашиот патент и дома и/или на извозните пазари. Адвокатот исто така ќе ве советува за трошоците и ризиците и за најдобрата стратегија.

Што треба да направите до колку вашиот патент е употребен од други без овластување?

До колку верувате дека вашиот патент е повреден од другите, т.е. употребен без овластување, тогаш, првиот чекор е да соберете информации за страните што повредуваат и за употребата на производите или постапките со кои се повредени правата. Треба да ги соберете сите расположиви факти за да ја определите природата и времето на вашето дејство. Секогаш ангажирајте патентен адвокат да ви помага за донесување одлуки за повредата на вашиот патентиран пронајдок. Во некои случаи, кога повредата е откриена, компаниите одбираат да испратат писмо (општо познато како **„писмо на предупредување"**) во кое се информира тој што повредува за можен судир помеѓу вашите права и другите деловните активности на другата компанија. Оваа постапка често е ефикасна во случај на ненамерна повреда, при што оној што повредува во многу такви случаи ќе престане со тие активности или ќе се согласи да **преговара за договор за лиценца**.

Понекогаш, изненадувањето е најдобра тактика со цел да се избегне да му се даде време на оној што повредува да ги тргне или да ги уништи доказите. Во вакви случаи, посоодветно е да се оди на суд без да се достави известување и да се бара **„привремена мерка"** со цел да се изненади оној што повредува со заплена, секогаш со помош на полиција, во неговите работни простории. Судот може да му нареди да престане со своите дејства што вршат повреда до крајот на судската постапка (што може да трае многу месеци или години). Прашањето дали патентот е повреден може да биде многу комплексно и одлуката може да биде донесена во постапката.

Кога компанијата одлучила да поведе **граѓанска постапка**, судот обезбедува широк обем на граѓански правни лекови за да ги надомести сопствениците на патентните права. Патентен адвокат ќе ви обезбеди релевантни информации за ова.

Со цел да се превенира **увоз на стоки од повреден патент**, мерките на меѓународните граници можат да бидат расположиви за носителите на патент во некои држави. Многу држави обезбедуваат гранични мерки во согласност со нивните меѓународни обврски само во случаи на увоз на фалсификувани стоки и пиратски производи од авторското право.

Како општо правило, до колку идентифицирате повреда, силно се препорачува да барате професионален правен совет.

Какви се вашите можности да договорите вонсудска спогодба?

До колку спорот е со компанија со која е потпишан договор (на пр. Договор за лиценца), прво проверете дали во договорот се предвидени одредби за **арбитража или медијација**. Се препорачува да се вклучи посебна одредба во договорот за спорот да биде решаван по пат на арбитража или медијација со цел да се избегне долга и скапа судска постапка. Возможно е да се употребата алтернативни системи за решавање на спор, како што се арбитража или медијација, дури и ако не постои таква одредба во договорот или до колку не постои воопшто договор, во случај и двете страни се согласат со тоа.

Арбитражата има предност што е понеформална и покуса постапка од судската постапка и арбитражната одлука полесно се применува во меѓународни рамки. Предноста на медијацијата е што страните ја задржуваат контролата врз постапката за решавање на проблемот. Тоа може да помогне да се задржат добрите деловни врски со другите претпријатија со кои вашата компанија може да сака да соработува во иднина. **Центарот за арбитража и медијација на WIPO** обебзедува услуги за алтерантивно решавање на спорови. Повеќе информации за арбитража и медијација можат да се најдат на www.wipo.int/center/index.html.

Патент број GB2266045.
„Сад за пиење погоден за употреба како чаша за тренинг“, комерцијално позат како Anywayup® чаша, беше патентиран 1992 година од пронаоѓачот / претприемачот Менди Хаберман (УК). Следејќи ја можноста за повреда од конкурентите, Менди Хаберман обезбеди времена мерка за да ги превенира идните повреди на патентот и да го реши спорот вонсудски.

Куса проверка

- **Бидете внимателни.** Колку што е можно набљудувајте ги конкурентите за да распознаете повреда.
- **Барајте совет.** Консултирајте патентен адвокат пред да превземете некакво дејство за да го спроведете правото на патент, зашто секое дејство од ваша страна може да има влијание врз постапката.
- **Алетернативно решавања на спор.** Одлучете за вонсудско решавање на спорови и вклучете соодветни одредби за арбитража и медијација во секој договор за лиценца.

Корисни веб страници за понатамошни информации

За други прашања за интелектуалната сопственост од бизнис перспектива:
www.wipo.int/sme

Општо за патентите:
www.wipo.int/patent/en/index.html

За практичните аспекти, поврзани со поднесувањето на патентните пријави, види листа на веб страниците на националните и регионалните патентни заводи достапна во Анекс I или:
www.wipo.int/directory/en/urls.jpp

За Договорот за соработка во областа на патентите:
www.wipo.int/pct/en/index.html

За Меѓународната патентна класификација:
www.wipo.int/classifications/ipc/en

За арбитража и медијација:
arbiter.wipo.int/center/index.html

За on-line базите на податоци за патенти на националните и регионалните патентни заводи:
www.wipo.int/ipdl/en/resources/links.jsp

За спроведувањето на заштитата на правата на интелектуална сопственост:
www.wipo.int/enforcement

За членството во договорите администрирани од СОИС:
Www.wipo.int/treaties/en/index.jsp

АНЕКС I

Веб страници на националните и регионалните патентни заводи

Африканска организација за интелектуална сопственост (OAPI)	www.oapi.wipo.net
Африканска регионална организација за индустриска сопственост (ARIPO)	www.aripo.org
Алжир	www.inapi.org
Андора	www.ompa.ad
Аргентина	www.inpi.gov.ar
Ерменија	www.armpatent.org
Австрија	www.patentamt.at
Австралија	www.ipaustralia.gov.au
Барбадос	www.caipo.gov.bb
Белизе	www.belipo.bz
Белгија	www.european-patentoffice.org /patlib/country/belgium
Боливија	www.senapi.gov.bo
Бразил	www.inpi.gov.br
Бугарија	www.bpo.bg
Канада	www.cipo.gc.ca
Кина	www.sipo.gov.cn
Кина: Хонг Конг (SAR)	www.info.gov.hk/ipd
Кина: Макао (SAR)	www.economia.gov.mo
Чиле	www.dpi.cl
Колумбија	www.sic.gov.co
Костарика	www.registronacional.go.cr
Хрватска	www.dziv.hr
Куба	www.ocpi.cu
Република Чешка	www.upv.cz
Данска	www.dkpto.dk
Доминиканска Република	www.seic.gov.do/onapi
Египет	www.egypo.gov.eg

Ел Салвадор	www.cnr.gob.sv
Естонија	www.epa.ee
Евроазиски Патентен Завод	www.eapo.org
Европски Патентен Завод	www.epo.org
Финска	www.prh.fi
Франција	www.inpi.fr
Грузија	www.sakpatenti.org.ge
Германија	www.dpma.de
Грција	www.gge.gr
Заливски Кооперативен Совет	www.gulf-patent-office.org.sa
Унгарија	www.hpo.hu
Исланд	www.els.stjr.is
Индија	www.patentoffice.nic.in
Индонезија	www.dgip.go.id
Ирска	www.patentsoffice.ie
Израел	www.justice.gov.il
Италија	www.minindustria.it
Јамајка	www.jipo.gob.jm
Јапонија	www.jpo.go.jp
Јордан	www.mit.gov.jo
Казахстан	www.kazpatent.kz
Кенија	www.kipo.ke.wipo.net
Киргистан	www.krygyzpatent.kg
Народна Демократска Република Лао	www.stea.la.wipo.net
Латвија	www.lrpv.lv
Литванија	www.vpb.lt
Луксембург	www.eco.public.lu
Малезија	www.mipc.gov.my
Мексико	www.impi.gob.mx
Монако	www.european-patent-office.orgpatlib/country/monaco
Мароко	www.ompic.org.ma

Холандија	www.bie.minez.nl
Непал	www.ip.np.wipo.net
Нов Зеланд	www.iponz.govt.nz
Норвешка	www.patentstyret.no
Панама	www.mici.gob.pa/comintf.html
Перу	www.indecopi.gob.pe
Филипини	www.ipophil.gov.ph
Полска	www.uprp.pl
Португалија	www.inpi.pt
Република Конго	www.anpi.cg.wipo.net
Република Кореа	www.kipo.go.kr
Република Македонија	www.ippo.gov.mk
Република Молдавија	www.agepi.md
Романија	www.osim.ro
Руска Федерација	www.rupto.ru
Србија и Црна Гора	www.yupat.sv.gov.yu
Сингапур	www.ipos.gov.sg
Република Словачка	www.indprop.gov.sk
Словенија	www.sipo.mzt.si
Шпанија	www.oepm.es
Шведска	www.prv.se
Швајцарија	www.ige.ch
Таџикистан	www.tjpat.org
Тајланд	www.ipthailand.org
Турција	www.turkpatent.gov.tr
Тунис	www.inorpi.ind.tn
Украина	www.ukrpatent.org
Обединето Кралство	www.patent.gov.uk
САД	www.uspto.gov
Уругвај	http://dnpi.gub.uy
Узбекистан	www.patent.uz
Венецуела	www.sapi.gov.ve

АНЕКС II

Држави потписнички на Договорот за соработка во областа на патентите (PCT)
(01 јануари 2005)

Албанија
Алжир
Антигва и Барбуда
Ерменија
Австралија
Австрија
Азербеџан
Барбадос
Белорусија
Белгија
Белизе
Бенин
Босна и Херцеговна
Боцвана
Бразил
Бугарија
Бурјина Фасо
Камерун
Канада
Централно Африканска Република
Чад
Кина
Колумбија
Комерос (од 3 април 2005)
Конго
Костарика
Брег на Слоновата Коска
Хрватска
Куба
Кипар
Република Чешка
Народна Демократска Република Кореа
Данска
Доминика
Еквадор
Египет
Екваторијанска Гвинеа
Естонија
Финска
Франција
Габон
Гамбија
Грузија
Германија
Гана
Грција
Гренада
Гвинеа
Гвинеа-Бисао
Унгарија
Исланд
Индија
Индонезија
Ирска
Израел
Италија
Јапонија
Казахстан
Кенија Киргистан
Латвија

Лесото
Либерија
Лихтенштајн
Литванија
Луксембург
Мадагаскар
Малави
Мали
Мавританија
Мексико
Монако
Монголија
Мозамбик
Намибија
Холандија
Нов Зеланд
Никарагва
Нигерија (од 8 мај 2005)
Нигер
Норвешка
Оман
Папуа Нова Гвинеа
Филипини
Полска
Португалија
Република Кореа
Република Молдавија
Романија
Руска федерација
Сент Лука
Сент Винсент и Гренадина
Сан Марино
Сенегал
Србија и Црна Гора
Сејшели
Сиера Леоне
Сингапур
Словачка
Словенија
Јужна африка
Шпанија
Шри Ланка
Судан
Свазиленд
Швајцарија
Арапска Република Сирија
Таџикистан
Република Македонија
Того
Тринидад и Тобаго
Тунис
Турција
Туркменистан
Уганда
Украина
Обединети Арапски Емирати
Обединето Кралство
Обединета Република Танзанија
САД
Узбекистан
Виетнам
Замбија
Зимбабве

За повеќе информации за државите потписнички на PCT, видете:

www.wipo.int/pct

ПРОНАОЃАЊЕ НА ИДНИНАТА
Вовед во патенти за мали и средни претпријатиа

НАСЛОВ НА ОРИГИНАЛОТ
Inventing the Future: An Introduction to Patents for Small and Medium-sized Enterprises

Издавач
Државен завод за индустриска сопственост
Вељко Влаховиќ 11
Скопје
тел.: +389 2 3103 601, +389 2 3103 641
факс: +389 2 3137 149

За издавачот
Бајрам Амети
Директор

Превод од англиски
Татјана Ќурчинска - Пепељугоска

Стручна обработка
Академски печат

Лектура и коректура
Студио на Академски печат

Печатење
Академски печат

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.771 (035)

ПРОНАОЃАЊЕ на иднината : вовед во патенти за мали и средни претпријатија / [превод од англиски Татјана Ќурчинска-Пепељугоска]. - Скопје : Државен завод за индустриска сопственост = Geneva : World Intellectual Property Organization, 2007. - 48 стр. : илустр. ; 24 см. - (Серија Интелектуална сопственост за деловно работење ; бр. 3)

Превод на делото: Inventing the future. - Содржи и: Анекси I-II

ISBN 978 - 9989 - 2373 - 1 - 7 (ед.)
ISBN 978 - 9989 - 2373 - 3 - 1 (ДЗИС)
ISBN 978 - 92 - 805 - 1658 - 6 (WIPO)

а) Патенти - Заштита - Прирачници
COBISS.MK-ID 70413578

За повеќе информации, особено за содржината на публикациите за интелектуалната сопственост и бизнисот може да ја посетите веб страницата: www.wipo.int/sme/en/ како и да се претплатите на бесплатниот електронски месечен билтен на WIPO Одделение за мали и средни претпријатиа (МСП) на: www.wipo.int/sme/en/documents/wipo_sme_newsletter.html

За повеќе информации контактирајте:
World Intellectual Property Organization

Адреса:
34, chemin des Colombettes
P.O. Box 18
CH-1211 Geneva 20
Switzerland

Телефон:
+41 22 338 91 11

Факс:
+41 22 733 54 28

e-mail:
wipo.mail@wipo.int

или адресата на New York Cordination Office на:

Адреса:
2, United Nations Plaza
Suite 2525
New York, N.Y. 10017
United States of America

Телефон:
+1 212 963 6813

Факс:
+ 1 212 963 4801

e-mail:
wipo@un.org

или SMEs Division на:

Адреса:
34, chemin des Colombettes
P.O. Box 18
CH-1211 Geneva 20
Switzerland

Факс:
+41 22 338 87 60

e-mail:
Sme@wipo.int

веб страна:
www.wipo.int/sme

Посетете ја веб страницата:
www.wipo.int

или нарачајте на WIPO електронската библиотека:
www.wipo.int/ebookshop

За повеќе информации контактирајте и со:
Државен завод за Индустриска сопственост на Република Македонија

Адреса:
Вељко Влаховиќ 11, Скопје, Република Македонија

Телефони:
+389 2 3103 601, +389 2 3103 641

Факс:
+389 2 3137 149

E-mail: mail@ippo.gov.mk

www.ippo.gov.mk

WIPO број на публикација 917 MK (македонски)
ISBN 978-92-805-1658-6 (WIPO)

ISBN 978-9989-2373-3-1 (ДЗИС)